Лидија ГЕОРГИЕВА

# КОНЦЕПЦИСКИ ПРИСТАП НА КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ, МИРОТ И ОДБРАНАТА

Кон крајот на 80-тите години од нашиот век, се повеќе е застапено мислењето дека настапува период на порелаксиран светски поредок, период во кој ќе има повеќе мир и безбедност. Надежите се свртени кон реновираните ООН, кон новите односи меѓу суперсилите, кон новите договори за контрола на вооружувањето и разоружувањето, и кон признавањето на индивидуалните човекови права и потреби.

Раните 90-ти најавија почеток на период во кој е забележлив посериозен пристап кон новите видови конфликти и новите пристапи за творење на мирот. Меѓутоа, во рамките на овој процес се јавија несогласувања околу тоа, што претставува успешно миротворство? За некои аналитичари успехот се протега од дисолуцијата на Советскиот Сојуз кон возобновената способност на ООН да функционираат така како што се замислени-како творец и чувар на мирот. Тие во САД како воена, економска и политичка сила ја гледаат основната причина за завршувањето на Студената војна. За нив, централен елемент претставува реставрацијата на капацитетот на ООН за присилна акција, под водство на САД.

За други пак, успехот се состои во реставрацијата на ООН во Организација која ќе се раководи од принципот на единство; ќе дејствува кооперативно во остварувањето на индивидуалните и групните права, меѓународната безбедност, економскиот развој и квалитетот на животната средина. За овие аналитичари, лидерството на САД и не е толку централно, колку значењето на децентрализираните политички движења. За нив глобалните промени во доцните 80-ти не настанаа толку како резултат на воената, економската и политичката сила на САД, колку поради организираната сила на социјалните движења насекаде во светот.

Овие два пристапи, како и нивните варијанти, се потпираат на различни концепции за мирот и безбедноста, на различни погледи на државата и односот меѓу државата и индивидуите и на различните кон-

цепции за силата. Како резултат на тоа тие претпоставуваат различни методи и пристапи кон видот на меѓународното творење на мирот.[1]

Затоа, кога станува збор за современите пристапи за творење на мирот неодминлив е фактот дека тие треба да се потпираат и да произлезат од две комплементарни компоненти. Првата, се однесува на промените и модификациите во меѓународниот систем кои се рефлектираат врз мирот и безбедноста, како и врз начинот на нивното поимање; и Втората, која се однесува на концепцискиот фундамент, кој како резултат на промените во меѓународниот систем, се потпира на реконцептуализирани основи на безбедноста, мирот, државата и силата.

Во тој контекст, во однос на ***промените и модификациите...***

.. би констатрале дека биполарноста, изразена преку непријателството меѓу две идеолошки спротивставени суперсили, блоковската конфронтација и натпреварување и меѓусебно застрашување со нуклеарно оружје, не е веќе доминантен принцип на меѓународните односи. Како резултат на тоа во бројните анализи на меѓународните односи по завршувањето на Студената војна доминираат термините како, триполарност, пентагоналност, универзалност или нов систем на меѓународни односи, нов светски поредок и тн. Како и да се одмери научната или политичката тежина на сите овие термини, неспорен останува фактот дека централна карактеристика на меѓународниот систем претставува изменетата структура на моќта. Ваквата композиција на глобалната меѓународна сцена може да се протолкува како последица на еден широк дезинтеграционен процес во кој значајна позиција зазема распаѓањето на Советскиот Сојуз и Варшавскиот Договор, дезинтеграцијата на Чешкословачка и СФРЈугославија; но и на интеграциските процеси во Западна Европа, кои кон силните САД и Јапонија, ги приклучија и ги зацврстија позициите на Европската Унија.

Во контекстот на промените а како последица на конверзијата на принципот на конфронтација со соработка, се вбројува и новата позиција на ООН која веќе е во можност да применува поширок спектар на механизми за одржување на меѓународниот мир и безбедност.

Во контекстот на промените би ги вметнале и новите билатерални и мултилатерални договори за контрола на вооружувањето, кои исто така даваат нова димензија на меѓународните односи.

Надоврзувајќи се на промените, во однос на **модификациите...**

....би можело да се констатира дека покрај фактот за новосклучените договори во доменот на вооружувањето и разоружувањето, нема големи промени во однос на конфигурацијата на вооружува-

1. Stephenson C.M.: New Approaches to International Peacemaaking in the Post-Cold War World, во Klare,T.M. (1994) :Peace &World Securitu Studies,6th ed.,Lynne Rienner Pub. стр.14

њето. Како што одредени категории оружје исчезнуваа од Првиот и Вториот свет, така неговото присуство порасна во Третиот Свет. Доколку Регистерот на ООН се примени доследно, би можеле да се лоцираат каналите на трансверот. Но како и да е, оружјето единствено ја промени локацијата.

Во контекстот на модификациите, би ги вметнале и одредените форми и видови на конфликти и насилство кои секако претставуваат врвна тема на анализите од доменот на мировните и безбедносните студии. Ова пред се се однесува на етничките и националните конфликти, и на тероризмот, кон кои се пристапува како на нов предизвик во меѓународните односи. Иако овој вид на конфликти и насилство често се третира како нова закана за мирот и безбедноста, она што би можеле да го прифатиме како ново, пред се се однесува на нивната екстензијата во поранешните авторитарни држави од Источна Европа, Советскиот Сојуз, и просторите на Балканот. Внатрешните состојби кои во овие држави претставуваа можен генератор на конфликти, долги години во периодот на Студената Војна беа поттискувани. Затоа не е ништо ново егзистирањето на ваквите конфликти, туку ново е тежиштето и желбата да се стори нешто околу нив.

Доколку ги сведеме претходните разгледувања на изменетите и модифицираните елементи, секако дека би можеле да им придодадеме и други кои се однесуваат на значајни промени во меѓународниот систем, кои ги допираат мирот и безбедноста. Сепак, за сите нив не може да се каже дека избувнаа веднаш по завршувањето на Студената војна и дека имаат подеднакво влијание врз креирањето на новиот безбедносен поредок. Но затоа секоја дискусија за новиот безбедносен поредок мора да ги опфати овие аспекти на структурните промени во меѓународниот систем.

### Еволуирање на безбедносниот концепт

Можеби најзначаен дел во истражувањето на новите пристапи кон творењето на мирот се однесува на изучувањето на промените во нашето сфаќање за безбедноста, како и во изучувањето на системите кои се креирани да ја остварат. Во таа смисла, безбедноста во современите цивилизациски размери има универзална вредност која произлегува од взаемната преплетеност и поврзаноста во сите подрачја на социјалното егзистирање но и од меѓузависноста и интеграциските процеси во рамките на меѓународната заедница. Поимот безбедност и во традиционална и во современа смисла, се поврзува со различни активности на поединецот и државата насочени кон обезбедување на оп-

станокот. Таа е иманентна состојба на субјектот, кон неа тој тежнее, ја воспоставува, првенствено со свесно дејствување.[2]

Доколку безбедноста се постави на ниво на структурен елемент на државата станува збор за национална безбедност. Во традиционална смисла на зборот, „националната безбедност" досега претставуваше единствено сфаќање за безбедноста за кое можеше да се зборува. Денес веќе станува збор за односот помеѓу националната безбедност и меѓународната и индивидуалната безбедност.[3] Разместувањата кои ги посочивме во смисол на промените и модификациите во меѓународниот систем влијаеа и во однос на реконцептуализација на безбедноста. Оттаму, дистанцирањето од традиционалното сфаќање на безбедноста во поимовна но и во смисла на структурен елемент и организирана функција на државата, произлегува од промените во вредносната и сознајната компонента. Во однос на вредносната компонента проширен е дијапазонот на вредностите кои претставуваат субјект на заштита, додека во однос на сознајната компонента проширен е дијапазонот на изворите на загрозување. Затоа релацијата национална безбедност, индивидуална безбедност, меѓународна безбедност може да се прифати како круцијална за современите аналитички пристапи од доменот на бебедноста.

Системските форми пак, кои се креирани да ја остварат безбедноста во пракса, и во современи услови или поточно во Пост-Студеновоениот период, подлежат на сериозно преиспитување на функционалноста и ефикасноста. Реалните збиднувања ни покажуваат дека и државите и меѓународната заедница, кон мирот и безбедноста се приближуваат по мошне висока цена на човечки жртви и страдања. Затоа реструктуирањето на безбедносните системи во смисол на ревизија на нивните функции и во смисол на преместување на тежиштето на нивното дејствување е неопходно, доколку се прифати дека нивната ефикасност е еден од елементите за оправданоста на нивното креирање.[4]

## Позициите на колективната безбедност

Движењето нанапред во однос на концептот на безбедност и во однос на применетите системски форми, во меѓународните односи е направено со ослонување од систем на рамнотежа на сили, кон колек-

2. Grizold A.(1992): Oblikovanje Slovenske Nacionalne Varnosti; Zbornik Raspotja Nacionalne Varnosti-Obramboslovne raziskave v Sloveniji,Fakultet za Druzbene vede,Ljubljana,стр.65

3. За ова подетално кај Buzan B.(1991): People, States and Fear,2nd. ed.,An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era, Harvester Wheatsheaf; како и во Klare T.M.,Thomas D.C.(1994) : World Security: Challenges for a New Century, 2nd. ed., New York, St Martin's

4. Rosenau J.N. (1994): New Dimenzions of Security, The Interaction of Globalizing and Localizing Dynamics, Security Dialogue, Vol.25(3), стр.255

тивна безбедност, кон колективна одбрана, се до моментниот систем на меѓународна безбедност кој претставува компилација од сите нив.

Класичниот систем на рамнотежа на сили претставува примарен систем за одржување на безбедноста во Европа во периодот на 19 век кој добро се вклопи и во 20 век. Основната цел на системот е да се осигура дека ниту една држава нема да стане толку силна за да ги надвладее другите, реализирајќи го тоа преку балансирање на односите меѓу две групи на држави. Овој систем не успеа да ги одбегне двете Светски војни ниту пак да ја одржи стабилноста на системот.

**Колективната безбедност** како наредна фаза во развојот на концептот на безбедност, и како материјализирана форма на плеада од идеи, е олицетворена во Лигата на Народите, додека неговото институционално решение е зајакнато со воспоставувањето на ООН.[5] Во рамките на овој систем, државите се согласуваат околу одредени основни норми на меѓународното право, вклучувајќи ги националната сувереност и забраната на надворешна агресија. Тие се согласни дека доколку било која држава ги прекрши овие правила, сите останати ќе се здружат наспроти прекршителот. Ваквиот договор е сфатен како најпрактично средство за одржување на мирот и безбедноста во меѓународниот систем на држави кои и натаму се упорни да останат суверени. Согласно Повелбата на ОН, принципот на едногласност кој ги ограничуваше акциите на Лигата на народите, е заменет со правото на вето на земјите победнички и постојани членки на Советот за Безбедност. Колективната безбедност е зајакната и со одредбите за воени сили на ОН и Комитетот на Воениот штаб. Меѓутоа, Студената војна го закочи целосното реализирање на овој систем. Тој пројави и низа недостатоци кои накусо би можеле да ги сведеме на следните констатации:

Системот може да функционира само доколку силите на ОН се посилни од било кои национални сили. За да се оствари овој предуслов неопходно е да се редуцираат националните сили и да се поверат на место на меѓународни сили. Оттука произлезе контрадикцијата „колективната безбедност не може да функционира додека државите не се разоружаат, но државите нема да се разоружаат се додека колективната безбедност не покаже дека заслужува доверба.“[6]

Воведувањето на правото на вето, како политички неопходен предуслов за да се потпише Документот, произведе двоен ефект: оневозможување на секаква ефикасна акција на Советот за Безбедност и иземање од санкциите токму на оние држави кои располагаат со надмоќна воена сила;

5. Larus J. (1965) : From Collective Security to Preventive Diplomacy, John Wiley& Sons, Inc.

6. Claude, I.Jr.(1964) : Swords into Plowshares: The problem and progres of International Organizations, 3rd. ed.,New York; Random House, стр.209

Неефикасноста на Советот за Безбедност околу зацврстувањето на одредбите на колективната безбедност, значеше јасен сигнал за останатите, особено помалите држави дека не можат да бидат зависни од ОН во однос на сопствената безбедност;

При моделирањето на безбедносниот систем се претпоставувало дека основните закани по мирот и безбедноста ќе се димензионираат во рамките на она што претставуваше причина и повод за избивање на двете Светски војни;

Колективната безбедност онаква каква што ја замислиле нејзините приврзаници претставува средство на стратегијата за творење на мирот кое во голема мера се потпира на воена сила.

Оттука, комбинацијата на политички но и на финансиски проблеми значеше дека колективната безбедност не можеше целосно да функционира се до крајот на Студената Војна. Меѓутоа, прашањето за моментната применливост на системот за колективна безбедност повеќе не може да се поставува од аспект на блокираноста со односите меѓу Исток и Запад, туку, би потенцирале, од изменетите состојби и односи во меѓународната безбедност.[7]

## Позициите на взаемната безбедност

Принципот на взаемна безбедност подразбира дека во нуклеарна ера нема ниту етичка ниту практична рационалност за државите да одржуваат конвенционални или нуклеарни офанзивни капацитети, сметајки дека одбраната на овие држави може поефикасно да се реализира со други средства. Тој вклучува фундаментална промена на тежиштето од унилатерална воена одбрана кон взаемна, чија базичност е изразена во сфаќањето дека безбедноста на државата зависи не само од нејзините безбедносни договори туку истовремено и од безбедноста на нејзините сопарници.[8] Наспроти концептот за колективна безбедност, концептот на взаемна безбедност мина низ период кој означи негово значајно зајакнување.

Тоа пред се се однесува на двата различни аспекти на взаемната безбедност, еден кој произлегува од контекстот Север-Југ, и друг кој произлегува од контекстот Исток-Запад. За Југот, проблемите на економскиот развој се перцепирани како многу поголема закана за безбедноста отколку нуклеарната војна, со што на концептот му се приклучува економската безбедност.[9]

7. Lyons,G.M. (1993) : The New Collective Secutity, Peace and Sciences, December 1993,стр.4

8. За алтернативните безбедносни стратегии подетално кај Hollins H.B. (1989) :The Conquest of War, Alternarive strategies for Global Security,Westview Press, San Francisko;како и кај Mangold P. (1990) : National Security and International Relations,Routledge,London and New York

9. Во 1980 година во Извештајот на Независната комисија за прашања од развојот (Brand Commission) се промовира прашањето за економска безбедност.

Независната комисија за прашањата од безбедноста (Палмеовата комисија) додаде уште два значајни елементи:

прво, во нуклеарна војна не може да има победници, и може да преживееме заедно; и

второ, воените трошоци придонесуваат кон економска нестабилност, но редукцијата на воените трошоци ќе придонесе за развојот и ќе ја зајакне економската безбедност.[10]

Дополнување на взаемната безбедност претставува и тоа што и е придодаден концептот на безбедност на животната средина. Тоа ја зајакна идејата дека долгорочно, развојот и просперитетот се потпираат врз здрава животна средина.[11]

Сеопфатна безбедност се однесува на проширениот концепт на националната безбедност во традиционална смисла, со средства за самоодбрана, но исто така ги вклучува аспектите на осигурување на ресурси кои директно влијаат врз опстанокот и развојот. Овој концепт го прифаќа значењето на развојот и другите економски методи во јакнењето на безбедноста.[12]

Од претходното може да се констатира дека безбедноста денес се сфаќа на повеќедимензионален начин, иако таа безбедност се уште повеќе се однесува на државата, отколку на светската заедница. Современото сфаќање на безбедноста значи вклучување не само на негативна безбедност (способност за одбрана од загрозувања), туку и позитивна безбедност (способност да се одржуваат врски и односи кои се во функција на опстанокот, како пристап кон храната, енергијата,нормален економски развој ).[13]

Ваквата реконцептуализација на безбедноста, да ги вклучи и позитивната и негативната безбедност, несомнено укажува дека потпирањето врз традиционалните пристапи е неадекватно.

## Еволуирање на концептот за мир

Европските трансформации од 1989 подготвуваат трета кризаопасност и можност- за Европските мировни истражувања. Идната агенда на Европските мировни истражувања може да се набљудува

10. Independent commission on Dissarmament and Security Issues, Common security,(New York: Simon & Schuster), 1982

11. World Commission on Environment and Development, Our Common Future, Ohford University Press, 1987

12. Терминот сеопфатна безбедност прв пат се споменува во Белата книга за Одбрана на Јапонија во 1983-1984 година.

13. Подетално за концептот на позитивна и негативна безбедност кај Stephenson C. M. (1994): Common Sense and the Common Defense,Syracuse University Press

како склоп на три агенди.Старата агенда, од една страна ја сочинуваат причините за војната и средствата за решавање на конфликтите, додека од друга трката во вооружување, контролата на вооружувањето и разоружувањето. Таа не ја загуби својата ургентност, туку уште и е придодаден проблемот на конверзијата. Новата Агенда се однесува на доминацијата, меѓузависноста и развојот;Најголемиот предизвик на оваа агенда е во изнаоѓањето на соодветен теориски модел за да се разбере новата состојба во Источна Европа и нејзиниот однос со Запад. Пост-Новата Агенда го содржи разбирањето на идентитетот и национализмот како главен предизвик, и ќе е во релација со двете, и Старата и Новата Агенда.[14]

Движењето за истражување на мирот и развитокот на концептот за мир се поврзани со консеквенците од втората Светска војна и Студената војна.[15]

Концептот за мир во овој период се базира на елиминирањето на насилството кое е последица на меѓународна војна и конфликтите од висок степен. Истражувањата примарно се насочени кон причините за војната, динамиката на вооружувањето и разоружувањето, безбедноста и состојбата неопходна за мир, дефинирана како отсуство на војна. Ова е таканаречената „против директно насилство" фаза на мировните студии.

Натамошниот концептуален развој ги дополнува мировните студии со проширување на тежиштето од традиционалната закана произведена со контрадикциите Исток-Запад, со контрадикциите на односот Север-Југ. Со тоа концептот на мир ги инкорпорираше феноменот на социјално и економско насилство кои се вградени во меѓународниот систем.

Натаму, со степенесто движење, полека се излезе од концептот на негативен мир и се разви концептот на позитивен мир. Поставен на тој начин, помеѓу две екстреми, мирот се сваќа како повекестепен процес. Во неговите меѓуфази од негативниот мир, сватен како елиминирање на војната и позитивниот мир, сватен како меѓународна соработка на сите нивоа, сместени се (директното) персонално насилство и (индиректното) структурално насилство.Со тоа концептот на мирот ги инкорпорира и феноменот на основните човекови потреби и развојот на неговата личност.[16]

Оттука се продлабочија критичките мировни истражувања, наспроти традиционалните, со фокусирање на тежиштето врз социо-

14. Wiberg H. (1993) : European peace research in the 1990s, vo Balazs J.,Wiberg H.: Peace Research for the 1990s,Akademiai Kiado, Budapest,стр.9

15. Истражувачите на мирот се преокупирани со силата на атомската и хидрогенската бомба, интерконтиненталните системи, проблемот на стабилизирање на светската економија, војната во Кореја, Кубанската криза, Германското прашање и тн.

16. Galtung J.(1975),Peace Research-Education-Action. Essays in Peace Research. Vol.1.Copenhagen:Ejlers

лошките анализи. Овие анализи ги третираат и вредностите, како социјален феномен од аспект на нивното влијание врз манифестациите на индивидуалното и колективното насилство. Поместувањата во концептот се направени со тоа што е прифатено дека структуралното насилство не само што влијае врз состојбата на поединецот туку ги зголемува и тензиите кои водат кон конфликти и војна.

Концептот е проширен и со зафаќање на прашањето на основните човекови права и заштитата на индивидуата. Во таа насока мировните истражувања се фокусирани на прашањето на слободите и основните човекови права на повеќе нивоа вклучувајки мали групи, етнички групи, меѓународни колективитети, на односот на човекот и природата.

**Одбрамбена или безбедносна дилема**

Во однос на претходните концепциски простори на безбедноста и мирот би можеле да ги побараме и позициите на одбраната. Но секако дека нашето видување би останало некомплексно доколку тоа не се прошири и со концептот на државатата и силата. Реконцептуализацијата на државата во рамките на политичката теорија зафаќа поширок простор, но нашиот интерес е во смисол на промените кои се во контекстот на меѓународните односи. Во таа смисла значајно место има влијанието на зголемената бирократската моќ на државата и нејзиниот однос кон индивидуата и општествената заедница. Кон тоа, сè поизразени се и дискусиите околу опаѓачката моќ на државата во смисол на меѓународен поим. Во прилог на тоа е и влијанието на регионалните и глобални меѓувладини организации како и на мултинационалните корпорации, невладини организации и социјални движења. Со тоа се потврдува фактот дека државата која претставува базична единица на меѓународниот систем, не е веќе и единствена базична единица. Меѓународното право кое го штити суверенитетот на секоја од државите ја призна и улогата и правната заснованост на индивидуата. Отаму поврзувањето на мирот и безбедноста со основните потреби на сите луѓе за храна , засолниште, идентитет и безбедност битно влијаеа и врз концептот за мир и безбедност.[17]

Но со тоа што нашата преокупација во овој дел од трудот е концептуалниот пристап на одбраната, за нас особено актуелни остануваат државата и комплексот на фактири кои го одредуваат степенот на ризик за кој таа се определила, во однос на она што најчесто претставуа високо субјективизирано сфаќање на предизвиците, заканите и

17. Burton J. (1988) : Human Needs Versus Societal Needs, vo Coate and Rosati, eds., The Power of Human Needs in World Society ,Boulder, Colo.: Lynne Rienner

трошоците. Во тој однос би можело да се констатира дека концептуалниот пристап на одбраната не може да се раздвои или да се промовира надвор од концепциските рамки на мирот и безбедноста. Во таа смисла безбедноста претставува национален прерогатив, но затоа не претставува исклучиво национална работа. Фактот што државата останува примарен објект на безбедносната политика не значи дека таа е и единствен инструмент.

Во тој контекст одбраната може да се сфати како „клучен елемент на безбедносната политика“[18], Меѓутоа колку повеќе нејаснотии се провлекуваат во однос на ваквото сфаќање, толку е поголема опасноста од нејзино изобличување од страна на политиката. Последиците ќе се манифестираат низ изложување на државата на поголеми опасности отколку што се реалните. Всушност, исклучиво одбрамбено креираните држави многу повеќе се изложени на воена и технолошка несигурност, ако не од други причини, тогаш заради потпирање на исклучиво тесен концепциски пристап. Додека одбраната претпоставува и е во прилог на зголемување на поделеноста помеѓу противниците; безбедноста е во прилог на нејзиното надминување. Или поинаку, додека се подготвуваме за одбрана од потенцијалниот непријател; можеме да ги споделиме заедничките безбедносни интереси со ривалите или со други субјекти со слични интереси во однос на одржувањето на меѓународниот поредок.

Во современиот меѓународен систем „примарниот инструмент на редот-вооружените сили, претстевуваат и примармна закана за безбедноста“[19]. Низ овој парадокс е изразено широко застапеното мислење дека воената сила претставува суштина на национално безбедносниот проблем. Државите всушност создаваат воена сила за сопствена одбрана но и за остварување на пошироки безбедносни цели. Нивното формирање претставува генератор на контра-безбедносна динамика која ги загрозува самите држави и меѓународниот систем во целина. Распоредувањето на воените инструменти од страна на државите овозможува да се развијат два вида на извори на загрозување: она што произлегува од самото оружје како и од фактот што оружјето е во рацете и на други актери во меѓународниот систем. Во однос на првиот „кој е најдеструктивен, и кој има значаен елемент на високо чинење, дури и ако не се употребува“, се развива концептот на одбрамбената дилема изразена во контрадикцијата помеѓу трката кон воена одбрана и националната безбедност. Оваа дилема примарно произлегува од природата на воените средства, од нивниот развој и распоредување во

18. Mangold P. (1990): National Security and International Relations,Routledge,London and New York, стр.11

19. Osgood R. E. and Tucker R.W.(1967) : Force, Order and Justice,(Baltimore: Johns Hopkins University Press,стр.32

државата, а дури потоа од динамиката на односите меѓу државите. Таа е резултат на контрадикцијата што постои меѓу воената одбрана и националната безбедност која би можеле да ја издиференцираме барем во следните случаи: кога одбрамбените трошоци ги компромитираат останатите безбедносни цели; и кога одбраната ги надминува предизвиците и загрозувањата а е дизајнирана за одвраќање.

Идејата дека безбедноста е нешто за што државите се натпреваруваат, нешто што го добиваат за сметка на друг, е најдобро инкапсулирано во безбедносната дилема. Во отсуство на авторитет кој ќе го спроведе редот, групите и индивидуите би требало со сопствени напори да си овозможат заштита. Во намера да го остварат тоа ....тие настојуваат да акумулираат се повеќе и повеќе сила со цел да го избегнат влијанието на силата на другите. Ова, како контраст, ги чини другите понесигурни и ги принудува да се подготвуваат за најлошото. Со тоа што никој не може да се чувствува вистински безбеден во светот сочинет од натпреварувачки единици, натпреварот за моќ продолжува, а непрекинливиот круг од безбедност и сила се акумулира.[20] Современото толкување на оваа дилема оди и понатаму со тоа што се врши дистинкција помеѓу натпреварот за сила и натпреварот за безбедност, во смисол на фундаментално различни образложенија за несигурноста. Интеракциите меѓу овие два натпревари, заедно со потешкотиите тие да се раздвојат ја чинат дилемата сила-безбедност ,како центарален елемент за разбирањето на проблемот на националната безбедност.[21]

Стратегијата на овие две дилеми и нивните интеракции ја креираат воената димензија на проблемот на националната безбедност. Но може ли да се утврди колкава безбедност на државара и е потребна? Критериумот за определување на границата помеѓу „доволно“ и „премногу“ е чисто функционален. Тоа е повеќе прашање за тоа кога напорите се пропорционални и соодветни на стратегиските околности и расположивите ресурси, отколку дали таа кореспондира со желбата за одредено чувство за безбедност. За да се максимизира безбедноста на државата, нејзината реализација треба да е рационална, имагинативна но и да се има јасна претстава за проблемот. Треба да се обезбеди баланс помеѓу потребата да се сузбијат махинациите на другите субјекти на меѓународниот систем и стравот од војна, помеѓу итните национални интереси и одржувањето на стабилно безбедносно опкружување.

Оперирајќи во состојба на анархија, државите во потрага по предност во однос на својата национална безбедност по пат на поли-

20. Clark J. (1980): Reforms and Resistance in the International Order, Cambrige University Press, Cambridge, стр.53

21. Buzan B.(1991): People, States and Fear, 2 nd.ed., стр.324

тика на вооружување, одвраќање и сојузништво, создаваат состојба на релативна безбедност за себе, но и за другите држави. Наспроти ваквиот компетитивен пристап кон безбедноста, можеме да ја прифатиме претпоставката дека натпреварувањето во однос на безбедноста може да се контролира, а безбедноста може да се сподели. Значи, поместувањето треба да се направи од компетитивен кон кооперативен модел на безбедност. Тоа претпоставува не само различни пристапи туку нуди и квалитативно нови видови на безбедност. Додека компетитивниот модел ги групира факторите кои го детерминираат интензитетот на натпреварувањето и околностите под кои тој дегенерира во самодефетистичи екстреми, кооперативниот модел затоа што се издвојува од натпреварувачките рамки, може да нуди поинаков збир на прашашања или под кои околности државите прават транзиција од традиционални, вообичаено воено ориентирани стратегии, кон подршка на транспарентноста и ограничување на вооружените сили? Но доколку го прифатиме овој концепт, секако дека ќе можеме да ги препознаеме и неговите потенцијали кои овозможуваат да се справиме со предизвиците и опасностите кои произлегуваат од комплексноста на нашето стратегиско опкружување.

Lidija GEORGIEVA

## CONCEPTIONAL APPROACH OF COLLECTIVE SECURITY, PEACE AND DEFENSE

(Summary)

The different approaches for peacemaking are based upon substantially different concepts regarding peace and security, different viewpoints regarding the state and the relationship between the state and the individuals and different concepts regarding power. As a result of this, they presume different approaches to international peacemaking. However, the changes in the conceptual frame already point to an inadequacy of the distinction between the general term peacemaking and the term international peacemaking. Therefore, pulling the collective security, peace and defense out of the traditional framework and their definition in a modern context , makes it an interesting issue to analyse. This is especially

stressed when one has in mind that the concept of national defense has passed a long period of demonstration, where the concepts of collective security and national security are two different ways of trying to further build upon, or even to be substituted. Therefore, respecting the real dimensions in international relationship and specific qualities of the immediate strategic surrounding during the promotion of the concept of defense, the reconceptualisation of peace and security should be respected. As a result of this, the specific qualities of our defense system can be defined and implemented into a model, which will enable the realisation of the mentioned conceptual changes, while respecting the specific national interests and needs.